**Совет на Општина Делчево**
**Број 09-601/2**
**14.03.2025**

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната 45 Седница на Советот на Општина Делчево**

Седницата се одржа на 14.03.2025 г. (петок) во Мултифункционалниот центар во Спомен-домот АСНОМ со почеток во 9,00 ч.
На Седницата присуствуваа 15 членови на Советот.
Отсутни нема.
Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот, Гоце Попов кој за 45 Седница на Советот на Општина Делчево го предложи следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на Записникот од 44. Седница.

1. **Предлог-одлука за приоритетен предлог-проект за развој на подрачја со специфични развојни потреби;**

2. **Предлог-одлука за приоритетен предлог за проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој;**
   Образлагач: Тони Стоименовски, советник за планирање на локалниот-економски развој.

3. **Одлука за давање на времено користење движна ствар-моторно возило на ЈКП „Брегалница“ Делчево;**
   Образлагач: Стефанија Стојчевска, раководител на Одделение за јавни набавки и админиистрирање со имотот на Општината.

4. **Завршна сметка на ЈЛБ „Илинден“ со Заклучок за усвојување;**
   Образлагач: Марина Димитровска, сметководител на ЈЛБ „Илинден“ Делчево.

5. **Завршна сметка на ОЈУДГ „Весели цветови“ Делчево со Заклучок за усвојување;**
   Образлагач: Мара Бошначка, сметководител во ЈУДГ „Весели цветови“.

6. **Завршна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“за 2024 г. со Заклучок за усвојување;**

7. **Завршна сметка на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево за 2024 година со Заклучок за усвојување;**

8. **Завршна сметка на СОУ „М.М.Брицо“ Делчево со Заклучок за усвојување;**

   Образлагач по точките 6, 7 и 8 е Катерина Величковска, сметководител.

9. **Квартален извештај за извршување на Буџетот за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година со Заклучок за усвојување;**

10. **Завршна сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2024 година со Заклучок за усвојување;**

11. **Годишен извештај на Општина Делчево за 2024 г. со Заклучок за усвојување;**

12. **Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2025 г.;**
    Образлагач по точките 9, 10, 11 и 12 е Ана Ситновска-Димитровска, раководител на Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање даноци.

Претседателот отвори расправа за утврдување на Дневниот ред и тој предложи ставање на **13 точка на Дневниот ред-Прашања и предлози од Советот**. По овој предлог, Дневниот ред го стави на гласање.

Вака изменетиот Дневен ред беше ставен на гласање.

Изменетиот Дневниот ред беше усвоен **едногласно.**

Претседателот Попов отвори расправа по Записникот од претходната, 44 Седница.

Советникот Иван Гоцевски упати процедурална забелешка во врска со доставувањето на аналитиката на доставениот ребаланс на Буџетот. На ден 04.03.2025 г. имам поднесено барање до Општина Делчево за аналитика на предложениот Ребаланс на Општина Делчево, тој сè уште не е доставен, па реагираме, аналитиката да ни биде доставена. Дали причината е забраната на градоначалникот да не се доставуваат одговори на барањата на ВМРО ДПМНЕ?.

Претседателот Попов, ја повика Ана Ситновска-Димитровска, раководителка на Одделението за буџет, да одговори. Ана истакна дека кога ќе биде продолжена Седницата ќе ја достави аналитиката. Една недела пред продолжувањето на Седницата ќе ви бидат доставени материјали и постави прашање кога ќе биде продолжението на Седницата за Ребаланс на буџетот, бидејќи не е засегната само Општина Делчево, туку и буџетските корисници кои имаат вишок на приходи кои треба да се искористат и имаат потреба од прераспределба на средствата.

Попов одговори кога ќе бидат подготвени советниците ќе се закаже продолжението на Седницата.

Бидејќи никој друг не побара збор во врска со Дневниот ред, претседателот ја затвори расправата и го стави Дневниот ред на гласање.

Дневниот ред беше усвоен **ЕДНОГЛАСНО.**

-Усвојување на Записникот од 44 Седница на Советот. Претседателот Попов повика на расправа, бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и Записникот беше ставен на гласање.

Записникот беше усвоен **ЕДНОГЛАСНО.**

1. **Точка број еден- Предлог-одлука за приоритетен предлог-проект за развој на подрачја со специфични развојни потреби;**

Образлагач по точката беше Тони Стоименовски, советник за планирање на локалниот-економски развој кој истакна дека од Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој објавен е повик за аплицирање со рпоекти Општина Делчево согласно со приоритетите се одлучи за два проекти. Тоа се првата и втората точка од денешната седница. Првиот проект се однесува за „Реконструкција на делница од локален пат Л-18 кон с. Нов Истевник (Пасјак маало)“. Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, Биро за регионален развој, а по Програмата за развој на подрачјата со специфични развојни потреби за 2025 година, Стратешка цел 2: Атрактивни плански региони со унапредени локални услуги, ефективен пристап до пазарот на труд, обезбеден повисок степен на родова еднаквост и ефективна социјална заштита на најранливите групи од

населението, Мерка: Стимулирање на развојот на недоволно развиените, депопулационите подрачја и подрачјата со специфични развојни потреби. Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 4.381,077.45 денари. За реализација на проектот „Реконструкција на делница од локален пат Л-18 кон с. Нов Истевник (Пасјак маало)“ потребно е да се обезбеди учество од Буџетот на Општина Делчево од 10%. Средствата потребни за реализација на проектот „Реконструкција на делница од локален пат Л-18 кон с. Нов Истевник (Пасјак маало)“ ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа -Биро за регионален развој, а по Програмата за развој на подрачјата со специфични развојни потреби. Тој пат беше уништен за време на пожарите, бидејќи потешки возила поминуваа по тој пат и планирано е делот што е најуништен да биде реконструиран

Претседателот отвори расправа.

За збор се јави Сашко Ивановски кој праша дали со оваа реконструкција е опфатен и мостот кој е во многу лоша состојба?

Тони одговори дека реконструкција на мостот не е опфатена, бидејќи се малку средства дадени на располагање на општините, вкупно за сите општини се околу 18.000.000 ден.

За збор се јави Иван Гоцевски, кој рече дека ја поздравува оваа Одлука и дополни дека со ова се покажува дека Министерството за локална самоуправа уште еднаш покажува дека е отворено за соработка со сите општини без разлика од која партиска позиција е градоначалникот. Ова е добар пример кој треба да го следат и другите општини, а за овој патен правец имаме реагирано со предлог-барање во 2022 г. кога реагиравме дека патот е доста оштетен од тешки товарни возила, исто и мостот кој е пред уривање. Добро е да се реализира за сите граѓани во с. Нов Истевник и малото Пасјак и за сите граѓани кои имаат таму имоти.

Тони Стаменковски побара да им биде доставен предлог-проектот-техничката документација до сите советници.

Образлагачот Тони рече дека нема да биде проблем да им се достави техничката документација на проектот на е-маил.

Откако никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и точката ја стави на гласање.

**Одлуката за приоритетен предлог-проект за развој на подрачја со специфични развојни потреби, беше донесена ЕДНОГЛАСНО.**

2. **Точка број два- Предлог-одлука за приоритетен предлог за проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој;**

Образлагач и по оваа точка беше Тони Стоименовски. Тој истакна дека со оваа Одлука се дава приоритет и се утврдува намената на Проектот **„Спречување на загадувањето на воздухот со помош на едукативни и технички решенија“.** Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, Биро за регионален развој, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2025 година, Проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој. Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 720 000,00 денари. За реализација на проектот „Спречување на загадувањето на воздухот со помош на едукативни и технички решенија“ потребно е да се обезбеди учество од Буџетот на Општина Делчево од 10%. Тоа е станица која мери четири параметри, брзина на ветар и др. параметри. Таа ќе биде мобилна и ќе се обучат неколку вработени од Општината за нејзина манипулација и овие податоци ќе бидат достапни на општинската веб-страница.

Претседателот отвори расправа.

Советникот Гоцевски сугерираше дека во Делчево, Еколошкото друштво „Голак“ има таква мерна станица и додека не се реализира проектот, може да се користат тие податоци. Јас имам барано до ЕД да ми соопштува податоци и загадувањето на амбиенталниот воздух на

моменти е загрижувачко, посебно кога гори градската депонија и тоа е во делот на Милково Брдо , Полето. Загрижувачки е фактот што според моите информации се подготвува отворање на асфалтната база во Делчево.

За збор се јави и советникот Иле Каранфиловски, кој рече дека е добра иницијативата- да не испадне и оваа мерна станица да биде како мерната станица за земјоделците која е поставена во с. Тработивиште преку ИПР, имаше иницијатива и од земјоделците да платат некоја смешна сума од 200 евра годишно за да им дава добри податоци. И сега таа станица не функционира иако е многу корисна за земјоделците.

Претседателот Попов ја затвори расправата и точката ја стави на гласање.

**Одлуката за приоритетен предлог за проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој беше усвоена ЕДНОГЛАСНО.**

3. Точка број три-**Одлука за давање на времено користење движна ствар-моторно возило на ЈКП „Брегалница“ Делчево;**

Образлагач беше Стефанија Стојчевска, раководител на Одделение за јавни набавки и админинистрирање со имотот на Општината. Таа истакна дека Со оваа Одлука на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево се дава на времено користење моторно возило марка DAEWOO тип TICO SE, категорија М1-патничко; вид гориво-бензин; сила на моторот 30 kw; прва регистрација на ден 13.09.2000 година; идентификациски број на возилото KLA3S11BBYC663781; година на производство 2000 година; светло сина боја со регистарски ознаки DE 0127 AB. Движната ствар се дава на времено користење без надомест за службени потреби и извршување на надлежностите на Претпријатието, а трошоците за користење и одржувањето на возилото од член 1 на оваа Одлука, вклучително и сервисирање, осигурување и регистрација, паѓа на товар на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево.
Претседателот Попов отвори расправа по оваа точка.
За збор се јави советникот Иван Гоцевски и праша дали во минатото била иста одлуката или е сега променета?
Стефанија истакна дека постои Договор за ова возило меѓу Општината и ЈКП од 2015 г. Но, по правило треба да оди преку Советот.
Советникот Иван Гоцевски праша дали ова возило е одземено од МВР, бидејќи не било регистрирано и било технички неисправно и претставува опасност за сообраќајот во Делчево и за луѓето кои го управуваат?
Стефанија одговори дека не може да одговори во моментов, одговорот ќе го достави писмено.
Претседателот ја затвори расправата и ја стави точката на гласање.

**Одлуката за давање на времено користење движна ствар-моторно возило на ЈКП „Брегалница“ Делчево е усвоена со 9 гласови ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ.**

4. **Точка број четири- Завршна сметка на ЈЛБ „Илинден“ со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по точката беше Марина Димитровска, сметководител на ЈЛБ „Илинден“ Делчево. ЈЛБ Илинден работи односно има две сметки и тоа **Сопствени приходи и Наменска дотаци**ја. **Сопствени приходи –**сметка на која се средствата од членарините од читателите во библиотеката.Во 2024год.на оваа сметка имаме. **Приход од 89.100,00 ден. и 50.000 ден.се префрлен приход од претходни години или вкупно имаме 139.100 ден. Расход во висина од 138.532,00 ден. Наменска дотација сметка која работи со буџет одобрен од Министерството за култура и туризам**–во 2024 год имаше буџетот во висина од 7.918.615,00 ден.
На крајот сумираше дека библиотеката во текот на 2024 г има потрошено вкупно 7.918.615,00 ден од кои 7.309.989,00се потрошени за плати и К15. Во набавка на опрема 101.999, набавени се книги во вредност од 21.989,00 ден., и остатокот од фин.средства во висина од 484.494,00ден се потрошени за сите операт. и мат. трошоци кои се неопходни за тековна

работа  или библиотеката трошела 40.375,00 ден месечно за основните трошоци-струја, вода, тел, одржување, хигиена итн.
Претседателот отвори расправа по точката.
За збор се јави советникот Кире Тренчевски кој праша дали и колкав износ на средства заклучно со 31.12. 2024 г. од страна на Библиотеката се вратени на Министерството, бидејќи не се потрошени.
Образлагачот Марина рече дека ќе одговори писмено.
Иван Гоцевски запраша за билансот на состојбата за краткорочни обврски спрема добавувачи и кому должи Локалната библиотека и зошто?
Образлагачот Марина одговори дека 90% од обврските се за книги. Трошоците се подмирени на почетокот од оваа година, дел од сопствени средства дел од наменската дотација.
Советникот Иван Гоцевски истакна дека ако се погледне билансот на приходи и расходи ќе забележиме дека даночни приходи ќе видиме намалување на приходите што јасно се отсликува и на хартија финансиското нефункционирање на самата институција. во делот од трансфери од други нивоа на власт и од Владата има зголемување на овие суми. Најтешко е во билансот во приходите и во расходите во зголемување на тековните расходи, особено во делот на плати и придонеси и за крај слободно можам да заклучам дека оваа институција е една од најлошите примери за  финанско работење од сите други институции во општината.

За реплика се јави Кире Тренчевски, значи може да зборуваме за наменските дотации, каде точно се знае сите средства каде треба да одат. Таа сугестија може да се даде на другата завршна сметка на сопствени средства.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, точката беше ставена на гласање.

**Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ЈЛБ „Илинден“ беше усвоен со 8 гласови ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ.**

5. **Точка број пет- Завршна сметка на ОЈУДГ „Весели цветови“ Делчево со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по точката беше Мара Бошначка, сметководител во ЈУДГ „Весели цветови“. Таа реше дека Детската градинка располага со две сметки, сопствена сметка и сметка за наменски дотации. На сметката за наменски дотации во текот на 2024 г. се остварени приходи од 30.186.144 ден, а се потрошени за намени: за основни плат 19.173.294 ден, за придонеси за социјално осигурување 7.433.921, за комунални услуги- 1.339.000, сите инвентар и поправки- 800.000, поправки и тековно одржување- 155,396; договорни услуги- 78.100, други тековни расходи-22,002; разни трансфери- 82,170 ден, купување опрема и машини 564.045 ден. На сопствената сметка се оставрени приходи од 12.141.692 ден од нив 5.955,061 се останати приходи од 2023 г. и 6.186.631 се приходи од 2024 г. Во текот на 2024 г се потрошени 6.874.581 ден.

Претседателот Попов отвори расправа по точката.

За збор се јави советникот Кире Тренчевски кој постави прашање колкав износ на средства се вратени во Министерството заклучно со 31.12.2024 г.
Образлагачката Маре одговори дека ќе одговори писмено.
Советникот Сашко Ивановски рече дека сите други завршни сметки од другите институции содржат споредбени сметки за претходната година. Зошто не е дадена како споредба завршната сметка за претходната година, за да се види дали има зголемување или намалување.
Образлагачката одговори дека никогаш не ги доставувале тие сметки за споредба и вели дека нема законска обврска и дека станува збор за завршна сметка за претходната година.

Иван Гоцевски рече дека мора да признае дека е оскуден материјал, „Весели цветови" работи рентабилно што е за поздрав. Остварените приходи ги задоволуваат потребните трошоци и е најдобра завршна сметка од сите дадени на разгледување. Забелешките се да се намалат расходите за патување во странство и сместување и да ги чувате средствата и да ги инвестирате средствата во набавка на средства за нашите деца, разни помагала, нови постелнини и сл.
Бидејќи друг советник не се јави за збор, точката беше ставена на гласање.
**Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на ОЈУДГ „Весели цветови" Делчево беше усвоена со 9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ.**

6. **Точка број шест: Завршна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски" за 2024 г. со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по точката беше Катерина Величковска, сметководител. Таа рече дека училиштето во 2024 година своето финансиско работење го остварувала преку две сметки, сметка за наменска дотација и сметка за сопствени приходи. На сметката за наменска дотација се финансираат трошоците за плати на вработените, тековно одржување на објектите, опрема, превоз на ученици и др. Вкупно планирани средства за 2024 година изнесуваат 80.269.773 ден од кои вкупно се реализирани 70.648.114 ден или 96, 8% од вкупно планираните средства. На сметката за сопствени приходи вкупно се планирани 170.000 ден од кои вкупно се реализирани 54.240 ден, или 39, 4%.
Претседателот Попов отвори расправа по точката.
За збор се јави Кире Тренчевски кој повторно запрашаколку средства се вратени заклучно со 31.12.2024 година и кога се пристигнати средствата кои се вратени.
Образлагачката Катерина одговори дека околу 2,5 милиони денари се вратени на Министерството, бидејќи училиштето немало време да ги повтори двете јавни набавки кои биле поништени, средствата пристигнале доцна во декември месец.
Иван Гоцевски рече дека она што се забележува на прв поглед кога се погледне Завршната сметка е дека ова училште има најлошо финансиско работење од трите образовни институции. Затоа што на сметката на наменска дотација од вкупно планираните средства се реализирани средства за плати и надоместоци, а помалку за подобрување на условите на учениците. Она што најмногу боде очи е сметката за сопствени приходи, има најслаба реализација на планираните средства. Повеќе од 400.000 денари се вратени како неискористени поради немање визија на менанџментот и над 6 мил. денари од вкупно предвидените расходи. Прашувам зошто не се потрошени овие средства, за што беа предвидени и дали ќе бидат префрлени за оваа година.
Образлагачката Катерина одговори дека дел од средствата ќе бидат префрлени со ребалансот ќе се реализираат, а таа потенцира дека училиштето немало време да ги реализираме сите средства, бидејќи се поништени две јавни набавки: за реконструкција на врати во стариот дел на училиштето.
Кире Тренчевски се јави со реплика: вратени се 2,5 мил не знам од каде ги најдовте 6 мил.
Иван објасни во кој дел од материјалите ги гледа тие бројки.
Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот ја затвори расправата и ја стави точката на гласање.
Заклучокот за усвојување на **Завршната сметка на ООУ „Св.Климент Охридски" за 2024 г. Беше усвоен со 8 гласа ЗА и 7 ВОЗДРЖАНИ.**

7. Точка број седум: **Завршна сметка на ООУ „Ванчо Прке" Делчево за 2024 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по точката беше Катерина Величковска, сметководител. Таа истакна дека ова училиште финансиското работење во 2024 г го извршувало преку 4 сметки: сметка за наменска дотација, сметка за сопствени приходи и две донациски сметки. На сметката за наменска

дотација се финансираат трошоците за плати на вработените, тековно одржување и превоз. Вкупно планирани средства за 2024 г. 5.660.000 денари од кои вкупно се реализирани 5.586.196 ден или 96,4% од вкупно планираниот буџет. На сметката за сопствени приходи вкупно се планирани 1.250.000, а остварени приходи има 1.215.714 или 97,3% од вкупно планираните средства, а се остварени од приходи од осигурување, приходи од дипломи и сведителства, приходи од спортска сала и др. Вкупно планирани расходи изнесуваат 1.250.000 од кои реализирани се 2,3% од вкупно планираните расходи. Остварен вишок на приход за пренос во наредната 2025 година 1.187.046 ден. Насметката за донации се финансираат трошоци се финансира проект од МОН во оваа 2024 г оваа финансиска сметка нема деловна активност. За сметката 785084-оваа сметка се прибираат средства за финансирање проекти. Вкупни приходи во 2024 изнесуваат 112.500 ден, а вкупно се остварени 56.250 ден или 5о% од планираните. Приходите се остварени преку Фондот за иновации и технолошки развој.- програма за рурален развој.

Претседателот Попов отвори расправа по точката.

За збор се јави Кире Тренчевски кој праша колку средства се вратени во Министерството заклучно со 31.12.2024 г.
Катерина одговори дека и овде се вратени средства бидејќи се поништени два тендери, а немаше можност да се распишат нови тендери, а и овие средства стигнаа во декември минатата година. Станува збор за околу 2,5 мил ден.
Иван Гоцевски-има техничка забелешка во материјалите за ООУ „Ванчо Прке“ недостасува потпис и печат.
Катерина одговара дека има електронски потпис на крајот од извештајот.
Кире одговара дека не мора да има потпис, бидејќи во електронска форма има електронски потпис.
Иван Гоцевски се јави повторно за збор и посочи дека ако се погледне сметката за наменски дотации ќе се види дека е иста состојба, како и во училиштето „Св.Климент Охридски“, само што овде реализацијата е доста помала. Она што овде радува е што добрата реализација на планираните приходи, на сметката за сопствени приходи, а она што загрижува е што имаме поголеми суми кај договорните услуги во споредба со другото училиште. Она што друго загрижува е сумата за репрезентација и таа е поголема во „Ванчо Прке“ и ако се земе фактот за помалиот број на персоналот што се гледа и во расходите за плати и надоместоци и мое укажување е дека во иднина овие суми треба да бидат доста помали.
Катерина одговори дека во ООУ „Св.Климент Охридски“ има 117 вработени просечно, а „Ванчо Прке“ 72 и нормално е дека за плати во тоа училиште ќе имаме повеќе. Во „Св.Климент Охридски има 5 подрачни училишта во „Ванчо Прке“ има две. Има помалку што патуваат ученици

Попов ја затвори расправата и точката ја стави на гласање.

**Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на ООУ „Ванчо Прке“ за 2024 г е усвоена со 8 гласа ЗА и 7 ВОЗДРЖАНИ**.

8. Точка број осум: **Завршна сметка на СОУ „М.М.Брицо“ Делчево за 2024 г со Заклучок за усвојување**

Образлагач по точката беше Катерина Величковска, сметководител. Таа истакна дека СОУ своето финансиско работење во 2024 година го извршуваше преку 4 сметки: сметка за наменска дотација, сметка за сопствени приходи и две донациски сметки. На сметката за наменска дотација вкупно планирани средства се 52.998.620 ден. од кои вкупно се реализирани 45.874.760 или 68,6% од планираните средства. На сметката за сопствени приходи вкупно планирани за 2024 се 1.000.000, а остварени приходи се 707.258 или 70,7% од

планираните приходи. На сметката за донација се финансираат трошоци за проектот преку Програмата за ЕРАЗМУС –ПЛУС и вкупно приходи се 1.390.311 ден и се потрошени за разни транфери во висина од 1.364.850 ден. На сметката за донација 785-60-во оваа сметка се финансирани трошоци за проекти преку ЕРАЗМУС ПЛУС, вкупно приходи за 2024 г изнесува 2.317.719 во 2024 оваа сметка нема расходи. Остварениот вишок на приходи за наредната 2025 г изнесува 2.317.719 ден.

Претседателот Попов отвори расправа.

За збор се јави Кире Тренчевски кој го постави истото прашање: колку средства се вратени со 31.12.2024.

Образлагачот Катерина рече дека се околу 3 мил. ден, имаше тендер кој се поништи за реконструкција на канцеларијата, а пристигнати се средствата доцна во декември.

Кире Тренчевски даде резиме за завршните сметки на училиштата и заклучи дека во сите институции има поврат на средствата до министерствата. Доколку средствата се пуштаат порано и доколку не можат да се искористат за одредена цел за која се наменети, може почесто да се прави ребаланс на буџетот за да можат да се префрлаат од една на друга ставка, а не да се вратат назад во министерствата.

Иван Гоцевски постави неколку прашања во делот за разни трансфери. Потрошени се средства 188.688 ден, за што се потрошени?

Образлагачката Катерина одговори дека се потрошени за судска постапка.

Иван Гоцевски запраша во делот за изградба и реконструкција на објекти се потрошени 1.768.265 ден и за што беа потрошени и во делот на други договорни услуги се потрошени 104.623 ден и за што се потрошени?

Обрзалагачот Катерина одговори дека се потрошени за реконструкција на тоалетите во училиштето. За други договорни услуги се за физички лица –лица кои спроведуваат јавни набавки, за маркетинг.

Ане Ситновска-Димитровска истакна за ребалансот-минатата година никој од институциите не побара да правиме ребаланс. Доколку имаат потреба буџетските корисници може ребалансот да се донесе и порано.

Кире Тренчевски, бидејќи советниците секогаш го носат ребалансот со 15 гласа ЗА, секогаш кога има потреба ќе се поддржи ребалансот со цел да не се губат средствата.

Сашко Ивановски, за расходи за струја има 11.483 ден. Да не е грешка?

Образлагачот Катерина одговори дека тоа е за спортската сала.

Бидејќи никој дриг не се јави за збор Попов ја затвори расправата и точката ја стави на гласања

**Со 8 гласа ЗА и 7 ВОЗДРЖАНИ е усвоен Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на СОУ „М.М.Брицо“ за 2024 г.**

9. **Точка број девет. Квартален извештај за извршување на Буџетот за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по точката Ана Ситновска-Димитровска, раководител на Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање даноци.

Ситновска-Димитровска во своето образложение посочи дека вкупните реализирани приходи на општината за четвртиот квартал односно за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 год. изнесуваат **360.718.786** денари или **88,83 %** од вкупно планираните приходи во Буџетот на Општината. Износот на вкупно реализираните приходи во третиот квартал од 2024 година, споредено со износот на реализираните вкупни приходи во четвртиот квартал од претходната година покажува зголемување од **34.268.954** денари во апсолутен износ, додека процентот на реализација е помал за **3,88** процентни поени (пп) во споредба со IV квартал од претходната година. Процентот на реализација на вкупните тековно- оперативните приходи е **89,6%,** додека на капиталните приходи е **43,3%.** Приходите во Основниот буџет се планирани во износ од 140.038.780 денари, а релизирани се 84,2%, односно 117.915.393 денари и овде

имаме намалување за 4% во однос на реализацијата за истиот период од 2023 година. Во Буџетот на наменска дотација од планирани се 242.740.339 денари приходи, реализирани се 228.573.588 денари, односно 94% и овде имаме незначително намалување од 2,78% во однос на истиот период 2023 година. Во Буџетот на самофинансирачки активности реализацијата на приходите е 53% , односно од планирани 14.612.000 денари реализирани се 7.746.796 денари, и овде реализацијата е незначително намалена во однос на истиот период лани за 4,7%. Кај Буџетот на донации од планирани 8.680.404 денари, реализирани се 6.483.009 денари или реализација од 75%.

Од анализата на видовите приходи по економска класификација се гледа дека реализацијата кај група **71-даночни приходи** е 79,5%. И во оваа група најголема реализација има кај конто 711 (данок од доход, од добивка и од капитални добивки) од 103%. Реализацијата кај конто 713-даноци на имот во третиот квартал е **79%**-овде најголема е реализацијата кај данокот на имот од физички лица **99%,** од правни лица наплатата е **79%.** Реализацијата на група **72-неданочни приходи** во четвртиот квартал од 2024 е **83,40 %,** со најголема реализација од 97% на конто 722-глоби,судски и административни такси, потоа со 82% конто 725- др. неданочни приходи. Групата **74-Трансферите и донации** на ниво на вкупен буџет се со реализација од 91,5 %, додека реализацијата во основниот буџет е 90 % .

Во капиталниот биланс, **група 73-Капиталните приходи** заклучно со 31.12.2024 година се наплатени во износ од 2.933.963 денари, од вкупно планирани 5.965.000 денари, односно 49,2%. Во оваа група влегуваат приходите од продажба на градежно земјиште, од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата, понатаму надоместоци за концесии за експлоатација на минерални суровини и надоместоци за легализација. Најголема е реализацијата кај приходите по основ на легализација каде реализацијата е 103% до 31.12.2024 .

Вкупните расходи во целиот Буџет се планирани во износ од 406.071.523 денари. Од нив се реализирани 358.974.482 денари или 88,4%. Износот на вкупно реализираните расходи во четвртиот квартал од 2024 година, споредено со износот на реализираните вкупни расходи во истиот квартал од претходната година покажува зголемување од 34.227.689 денари, додека процентот на реализација е помал за **4** процентни поени (пп) во споредба со четвртиот квартал од претходната година. Во Основниот буџет од планирани 140.038.780 денари за расходи, реализирани се 117.915.393 денари или 84,2%.

Ако се направи подетална анализа по расходни групи:

**На група 40-Плати, наемнини и надоместоци** за вработените-реализирани се 238.896.808 денари од вкупно планирани 245.644.071 денари или 97,25%, овде влегуваат платите, придонесите од плати и други надоместоци. И во овој квартал нема реализација кај групата 41-Резерви и недефинирани расходи. Реализацијата во **група 42-Стоки и услуги** е 77 %, односно од предвидени 60.343.173 денари потрошени се 46.395.347 денари, овде влегуваат расходите за патни и дневни расходи, комунални услуги, материјали и ситен инвентар, одржување, договорни услуги и други тековни расходи. **Во група 45- камати**, реализацијата е 99,6%. **Кај група 46-Субвенции и трансфери,** реализацијата е 57%, односно од предвидени 11.380.616 денари потрошени се 6.463.315 денари, овде влегуваат трансферите до невладини, спортски клубови, здруженија на граѓани и фондации, стипендии, плаќање по судски и др. решенија. Реализацијата кај група **47-Социјални бенефиции е** 75%, односно од планирани 850.000 денари заклучно со 31.12.2024 потрошени се 634.373 денари. Овде влегуваат исплатите по основ на еднократна парична помош и помош за новороденчиња. 100% реализација имаме кај група **49 отплата на главница,** тоа се обврски по основ на ануитети за земени кредити за доградба на градинката и за реконструкција на улици.

Капиталните расходи се со процент на реализација од 74% до 31.12.2024, односно од планирани 81.075.799 денари се потрошени 59.913.398 денари. Најголема реализација капиталните расходи имаат во Основниот буџет каде од планирани 66.144,509 ден реализирани се 51.971.864 (78,6%). Исплатите во делот на капиталните расходи се однесуваат на:

- Реконструкција на Спомен- дом АСНОМ (нова столарија и фасада)-4.189.224;
- Учество на Општина Делчево во изградбата на новата детска градинка во населба Расадник- 1.648.316;
- Набавка и монтажа на топлински пумпи во салата АСНОМ-1.907.411;
- Набавка на столици за гледалиште во Спомен дом АСНОМ-999.342 денари;
- Реконструкција на улица „Остреց" – 3.551.115 денари;
- Изградба на водовод во населба „Пролет" – 5.850.785 денрари;
- Изградба на дел од бул. „Македонија"-
- Изградба на краци од ул. „Орце Николов" во Шумски Расадник;
- Изградба на улици во населба „Пролет"
- Надомест за експропријацција-4.639.102 денари;
- Набавка на новогодишна елка-1.140.010 ден;
- Набавка на надземни хидранти, грбни прскалки и ПП- црева
- Учество на Општина Делчево во набавка на нова машина за метење-283.000
- Набавка на капаци за шахти, канализациски материјали, фасонски делови за водовод, просторни услови за водовод во с.Вирче;
- доспеани обврски за изградба и реконструкција на улици, за надзор над изградбата, изработка на проектни документации за реконструкција на локален пат Косово Дабје-Бигла-Турија, за изградба на потпорен ѕид кај детска градинка, техничка документација за атмосферска канализација во Милково Брдо и централно подрачје и тн.

Претседателот Попов отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека во извештајот се гледа дека Основниот буџет е реализиран со 84% од кои 56% се реализирани за тековно-оперативни расходи, односно за плати, стоки и услуги и 44% за расходи, или ако се направи подетална анализа ќе се види дека се потрошени 34% за капитални расходи, оттука сакам да истакнам дека целата наша советничка група велеше дека Буџетот за 2024 е неразвоен и сега завршната сметка го покажува тоа што ние го зборувавме пред 1 година. Во контото 425-договорни услуги имаме рекордни непродуктивни потрошени над 2 мил. денари; во конто 426-други тековни расходи во кои влегуваат и репрезентацијата има над 2 мил. што ја покажува и вистинската потреба од донесениот изменет буџет за 2025 година со цел ваквата лоша практика да не ја повтори градоначалникот и во оваа година. Контото за привремени вработувања, дали Општината има малку вработени? Советничката група не е против вработените, но за нивните плати граѓаните на Општина Делчево треба да добиваат побрзи и подобри услуги. Тука ќе завршам со моите забелешки-значи имаме доста средства кои се трошат ненаменски, наспроти нив, во делот на реконструкции на улиците на ЈО има нула реализација и дека ќе смогне сили градоначалникот да ги реализира час поскоро и поради тоа, јас ќе гласам против.
Ана одговори дека станува збор за Развојните програми кои ги гласавте претходната година во месец декември и не може да има реализација во декември. Реализацијата ќе биде во 2025 г.

За збор се јави Сашко Ивановски и праша колку е потрошено за експропријација и дали има неизмирени обврски за експропријација и во која висина.
Ана одговори дека за екпропријација се потрошени 4.639.102 ден за 2024 г има уште за исплаќање ќе ви се достави написмено точната сума.
Советникот Марјанчо запраша за Програмата со конто 480-купување опрема и машини со износ од 357.200 ден за што се потрошени?

Ана одговори дека дека е набавена урбана опрема-набавени се конзолни клупи со метална конструкција во градскиот парк што поставени.
Советничката Оливера праша за ставката Ј6-во конто 491 отплата на кредит, до каде е?
Ана одговори дека станува збор отплата на кредит од МСИП и се исплаќа сум по два пати годишно има уште за отплаќање. Можам да ви одговорам написмено.
Советничката Стефанија праша за ставката Г-10- поддршка на ЛЕР , 425 –договорни услуги и 426 –други тековни расходи што влегува во ова ?
Ана Ситновска-Димитровска одговори дека во овие ставки влегува осугурување од повреда и инвалидитет, осигурување моторни возила, ветеринарни услуги. Во 426 –членарини во домашни организации, расходи за репрезентација, семинари и конференции, огласи и др. оперативни расходи.
Иван Гоцевски постави прашање до образлагачот за новите клупи во центарот на градот, каде се старите клупи и по кое правило се даваат на физички лица и каде се наоѓаат.
Во моето Одделение нема информација за ова прашање, одговори Ана.
Ивана, раководителка на Одделението за правни и општи работи, одговори дека клупите се дадени по барања на месните и урбаните заедници.
Иван Гоцевски тврди дека има доказ дека 8 клупи се во двор на еден близок човек на градоначалникот.
Советничката Оливера Ташевска постави уште едно прашање во Програмата ЕА0-капитални трошоци на Општината-купување опрема и машини во износ од 790.577 ден, за што се потрошени.
Ана Ситновска-Димитровска рече дека ќе одговори писмено.
Сашко Ивановски праша за програмата ЕА0-купување мебел, за каде е купуван тој мебел во износ од околу 1 мил. денари.
Ана Ситновска-Димитровска одговори дека станува збор за набавка на нови столици во гледалиштето на салата АСНОМ.
Иван праша во др. оперативни расходи има потрошено 9 мил. денари и смета мислам дека е многу и бара од образлагачот да каже што точно е набавено.
Ана Ситновска-Димитровска одговори дека писмено ќе одговори.
Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот ја затвори расправата и ја стави точката на гласање.

Точката –**Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот од 01.01.2024 до 31.12.2024 г, е усвоена со 8 гласа ЗА, и 6 ПРОТИВ.**

**10. Точка број десет- Завршна сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2024 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по точката беше Ана Ситновска-Димитровска која Завршната сметка е консолидирана сметка на сите планирани приходи и расходи и тоа во: Основниот буџет, Буџетот на наменски дотации, Буџетот на донации, самофинансирачките активности и Буџетот на заеми или кредити, распоредени во соодветни програми и потпрограми.

Врз основа на член 33 од Законот за финансирање на ЕЛС и член 53 од Законот за Буџети, Советот на Општината ја донесува завршната сметка на буџетот на општината најоцна до 15-март во тековната година и се доставува до Министерство за финансии најдоцна до 31 март во тековната година. Од вкупно планираните приходи и приливи во буџетот на општината во износ од 406.071.523 ден. наплатени се 360.718.786 ден.односно 89% во вкупниот буџет или ако го анализираме основниот буџет од вкупно планираните 140.038.780 денари наплатени се 117.915.393 или изразено во проценти 84%. Прегледот на поголемиот дел од остварените приходи во основниот буџет по позиции изгледа вака:

**Во групата 71 даночни приходи реализирани се 43.185.797 денари и во нив влегуваат:**

- Данок од доход, добивка и капитални добивки-6.674.422
- Даноци од имот – 15.054.460 во кои влегуваат:
- Данок на имот од физички лица 7.511.676 ден.
- Данок на имот од правни лица 3.165.970 ден.
- Данок на наследство и подарок 1.362.253 ден.
- Данок на промет на недвижности и права 3.014.561 ден.

**Даноци на специфични услуги 21.371.625 ден. во кои влегуваат:**

- Комунална такса за истакната фирма – 2.478.800;
- Комунална такса за привремен престој-227.304;
- Комунална такса за користење на улици со патнички и товарни моторни возила-1.421.689;
- Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување-14.005.801;
- комунална такса за користење на плоштади и др.простор -228.450;
- надоместок за уредување на градежно земјиште-2.830.401 ден.;
- комунална такса за истакнување на реклами.објави и огласи на јавни места-14.400;
- комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење дејност-164.780 ден.

**Во групата 72-**неданочни приходи каде реализацијата на приходи е 2.104.214 денари, влегуваат следните потставки:

- глоби, судски и административни такси-583.780;
- такси и надоместоци-365.633;
- други неданочни приходи-1.154.801

**ГРУПА 73**-**Капиталните приходи** се наплатени во износ од 2.933.963 и во нив влегуваат:

- приходи од продажба на ГНЗ во сопственос на РМ-872.179;
- приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата-0 денари??
- надоместок за концесии и експлоатација на минерални суровини по основа на простор-69.145
- надоместок за концесии и експолатација на минерални суровини по основ на експлоатирана минерална суровина-443.016
- надоместок за утврување на правен статус на бесправно изградени објкети-1.541.892;

**ГРУПА 74-Трансфери и донации-** се со реализација од 69.691.419 денари, овде влегуваат:

- датоциите на општината по основ на ДДВ-44.691.734;
- трансфери од буџетите на фондовите-3.347.032
- трансфери од буџетот на РМ-5.593.528,
- Пренесен вишок на приходи од претходна година-16.059.125 денари.

Од вкупно планираните расходи во буџетот за 2024 година, во износ од 406.071.523 денари, во вкупниот буџет реализирани се 358.974.482 денари или 88%, додека во основниот буџет од планирани 140.038.780 денари реализирани се 117.915.393 денари односно 84%.

Покрај тековно оперативните во основниот буџет се планирани и капитални расходи во износ од **66.144.509** ден. а се реализирани во износ од **51.971.864** ден. или изразено во проценти **78,5%,** а во однос на вкупните расходи во основниот буџет процентот е **14%**. Во **2024** година реализирани капитални расходи во износ од **51.971.864** ден.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави советникот Иван Гоцевски кој праша за договорните услуги и какви услуги се извршени?

Образлагачот Ана рече дека ќе одговори во писмена форма.

Иван Гоцевски продолжи за депозитот од 14 милиони ден. тоа што останало непотрошено и што со него и зошто е непотрошено.

Ана одговори дека во ставката за депозит влегуваат сите приливи по основ на пренесен вишок од претходните години. Не е само од основниот буџет, тука се од сите буџетски корисници.

Иван Гоцевски запраша и за делот 3 -дефицит и праша што значи ова, дали општината нема доволно број на средства?

Ана одговори-фискалната табела е еден образец, што е од Минситерство за финансии, треба целата фискална табела да ви ја објаснувам, ќе изгубиме многу време. И за ова ќе добиете написмено

Иван праша за приходите и расходите и конкретизираше дека приходи има помалку од расходите.

Ана Ситновска-Димитровска- рече дека има посебна методологија и дека завршната сметка треба да се гледа одназад. Нема помалку приходи од расходи, туку обратно. Во Завршната сметка за 2024 г. во вкупниот буџет се наплатени приходи во износ од 360.718.786 ден, а расходи 358.974.482 ден Ќе видите една графа на вкупните приходи-вишок од приходи, од 1 .744.304 ден. Тој вишок на приходи се јавува кај буџетот од самофинансирачки активности и кај Буџетот на донации. Реализацијата на приходите е поголема од реализацијата на расходите. Методологијата за пресметка е посложена.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот ја затвори расправата и точката ја стави на гласање.

**Завршната сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2024 г е усвоена со 8 гласа ЗА и 7 ВОЗДРЖАНИ.**

По гласањето, образлагачот рече дека во Завршната сметка има една техничка грешка на износот кој наместо на конто 713, ставен е на конто 712. И заклучи дека советниците не ги разгледале материјалите и затоа не ја воочиле грешката.

11. **Точка број единаесет- Годишен извештај на Општина Делчево за 2024 г. со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Ана Ситновска-Димитровска која посочи дека во Извештајот се повторуваат податоците од претходните точки. Има техничка грешка на првата страница во точка 2-приходи на Општината, во вкупно -кај делот на извршени треба да биде 360.718.786 ден. и во група кај даночни приходи и капитални приходи во вкупно, треба да биде 117.915.393 ден.

Претседателот отвори расправа по точката.

Кире Тренчевски процедурално-посочи дека не се согласува со образлагачот дека не се разгледувани материјалите и не е забележана техничката грешка. Вие нас ни подметнувате работи да гласаме. Тука има едн куп сметки, и можеме да направиме пропуст. Вие како образлагач требаше да кажете дека е направена техничка грешка.

Гоце Попов рече дека во спротивно, советниците гласаат за документ кој е со грешка. Вие сте стручни лица кои ни давате материјали. Ние сме сите со различни професии.

Сашко Ивановски рече дека и тој има забелешка на образлагачот. Тој треба да ја образложи точката, а не да дава констатации дали советниците ги разгледале материјалите или не. Требаше да почне со укажувањето на техничката грешка, а не да констатира. Сметам дека не е намерно, но во иднина не сакам ова да се повторува.

Иван Гоцевски повторно се јави за збор праша во делот на самофинансирање, дали образлагачот смета дека малата реализација на овој дел е добра или лоша за развој на општината.
Ана Ситновска-Димитровска одговори дека делот на финансирање се однесува на буџетите во делот на самофинансирачки активности, кај школите, градинката и библиотеката. И подетално ќе одговори во писмена форма.
Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот ја затвори расправата и точката ја стави на гласање.

Се гласаше за **Годишниот извештај на Општина Делчево за 2024 година.**
**Извештајот е усвоен од 8 гласа ЗА и 7 ВОЗДРЖАНИ.**

12. Точка број дванаесет: **Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2025 г.;**

Образлагач и по оваа точка беше Ана Ситновска-Димитровска, раководител на Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање даноци. Таа образложи дека во Одлуката се менува членот 9 и гласа: Исплатата на платата за избрани и именувани лица ќе се врши согласно со одредбите утврдени во Законот за исплата на плати и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија.

- коефициент за утврдување на плата на избраните и именуваните лица - Градоначалник се определува според бројот на жителите во општината и изнесува 2,23, а основицата на која се пресметува е утврдена согласно со Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Северна Македонија („Службен весник на РМ" бр.36/90, 44/90, 11/91, 38/91,23/97, 37/05, 84/05,110/07, 121/07, 161/08, 92/09, 139/09, 153/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18 и 233/18 и „Службен весник на РСМ" бр.65/23 и 272/24).

- за вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на бруто- платите се утврдува со Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници која ја донесува Советот.

- на вработените во ТППЕ, како и на вработените по Законот за работни односи ќе им се исплаќа бруто- плата согласно со Законот за исплата на платите во РС Македонија, Општиот колективен договор за јавниот сектор на Р.С. Македонија и Правилникот за платите, надоместоците на платите и другите примања на вработените во Општина Делчево кои немаат статус на административни службеници.

Претседателот отвори расправа во врска со точката.
За збор се јави Иван Гоцевски и праша дали има информација колкава е платата на градоначалникот на Општината и колкава е платата на пожарникарите и колкава е платата на најдобро платениот пожарникар во Делчево?
Ана одговори дека писмено ќе достави одговор.
Иван рече дека мора да ја пофали измената на Законот со кој се намалува бодот на платите на функционерите од страна на Владата.
Кире Тренчевски реплицираше на координаторот на советничката група на ВМРО ДПМНЕ- ние сме Совет на Општина, не сме Влада на РСМ.
Бидејќи никој не побара збор, претседателот Гоце Попов ја стави точката на гласање.
**За Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година е усвоена со 14 гласа ЗА.**

13. **Точка број тринаесет: Предлози и прашања на членовите на Советот на Општина Делчево.**

Претседателот ги повика советниците доколку имаат прашања и предлози да ги изнесат усно или да достават на писмено прашања:

-Иван Гоцевски координатор на советничка група ги постави следните прашања до Општина Делчево градоначалникот:

1. Општина Делчево да ни достави список на месни заедници, претседатели на месни заедници и лица на кои се дадени расходованите клупи од центарот на градот;
2. Граѓаните на Општина Делчево реагираат на честа појава на кучиња скитници, посебно во дворовите на основните училишта
3. Граѓаните бараат подобро улично осветлување во поголем дел од градските населби и селата.
4. Граѓани од 3 Реон и 4 Реон реагираат за лошата чистота на Пустевски ендек.
5. Барање за ставање во функција на регионалниот пат с. Разловци-с. Митрашинци и измена на Програмата за изградба, реконструкција рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Делчево за 2025 г. на наредната Седница на Советот. – Барањето е доставено и на писмено.

Од локални институции, Гоцевски побара писмено да достават сите општински институции колку нереализирани, а планирани средства имаат во Буџетот за расходи за 2024 г.

По исцрпување на Дневниот ред, претседателот ја затвори Седницата.

Седницата заврши во 11.25 мин.

**Записникот го водела**
**Даниела Такева**

**Совет на Општина Делчево**
**Претседател**
**Гоце Попов**